РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09 -3628/4

08 -01- 2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница, одржано на ден 30 декември 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-2479/1 од 19.04.2019 година.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси против службеното лице ------------------, поранешен ------------------- и поранешен член на -------------------, согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што Државната комисија го запира постапувањето.

Предметот со број 09-2479/1 од 19.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2479/1 од 19.04.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител со наводи дека лицето ---------------, поранешен ------------------ и поранешен член на ---------------------, противзаконски го вработил својот син -------------- во А.Д ----------------, институција во која вршел надзор. Понатаму во пријавата е наведена дека именуваното лице успеало да ги вработи и другите двајца синови, ------------- во --------------, како и ------------- во ЈП ----------------.

Државната комисија пристапи кон испитување на наводите од пријавата кои се однесуваат на постапката за вработување на лицето -------------- во А.Д -----------, со оглед на тоа дека лицето -------------- бил член на Комисија на ------------------.

Заради утврдување на наводите од пријава кои се однесуваат на вработување на лицето -----------, Државната комисија пристапи кон испитвање, со оглед на тоа дека согласно со одредбите од Законот за поштенските услуги, Агенцијата за ----------------- **врши надзор** и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Понатаму, Државната комисија не пристапи кон испитување на постапките за вработување за другите двајца синови, ------------------- во -------------, како и -------------- во ЈП --------------, бидејќи Државната комисија не може да утврди ниту повреда на членовите 73 и 74 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето ------------------ на ниту еден начин не може да бидат вклучени во постапките за вработување на горепсоменатите лица, ниту пак да учествува во расправа во која се одлучува за работи за кои тој или блиско лице имаат приватен интерес, бидејќи своите јавни овластувања ги извршувал во други институции.

Имено согласно член 73 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„ (1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

Додека, согласно Член 74:

(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице од ставот (1) на овој член, е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси. (3) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси во случаите од ставот (1) на овој член, службеното лице и раководното лице од ставот (1) на овој член можат да побараат мислење од Државната комисија.

Во однос на испитување на постапката за вработување на лицето --------------, Државната комисија се обрати до А.Д ----------------- и ја побара целокупната постапка за вработување за лицето ------------.

Врз основа на доставената документација од А.Д ----------------, лицето -------------- немало статус на вработено лице во истата институција, односно во месец март 2018 година со Договор за вршење на услуги бил ангажиран во Секторот за информатичка технологија при Дирекцијата на Друштвото. По негово барање , неговиот ангажман во А.Д ------------------- со прекинал на ден 12.11.2018 година. Ова дејствие кое е опишано е завршено, односно се работи за дејствие кое траело до 12.11.2018 година, од тој аспек безпредметно е постапувањето во конкретниот случај, бидејќи не би произлегол соодветен ефект од истото, односно не може да се изрече соодветна мерка.

За лицето -----------------, се поведени две прекршочни постапки, поради не доставување на анкетен лист за престанок за функциите Директор на ----------------- и член на Комисија на -----

-------------, по кои прекршочни постапки се постапува во Одделнието за следење на имотната состојба и интересите.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**